# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **13 Јуни 2014 година Скопје Бр.7 Год.IX** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров................2
2. Одлука за избор на Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров.................................4
3. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за именување преставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев" – Скопје.......6
4. Одлука за измена и дополна на Одлуката за именување на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров................................................8
5. Одлука за изработка на УП за с.Ново Село, Општина Ѓорче Петров за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од плански опфат.......................................................10
6. Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 08, Општина Ѓорче Петров – Скопје...........................................................................................................................................13
7. Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров – Скопје...........................................................................................................................................17
8. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Полициска Станица и Противпожарна единица во Општина Ѓорче Петров.........................................................................................................................................22
9. Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Буџет на Општина Ѓорче Петров за I квартал од 2014 година..........................................................................................................24
10. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година за покривање на погребални трошоци......................................................................................26
11. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров...............................................28


**Јуни 2014, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Совет на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/1**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 155 став 1 од Изборниот Законик (Службен Весник на Р. Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13 година), член 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров –Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013) и член 9 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров Советот на Општина Ѓорче Петров, на 21-та седница одржана на ден 13.06.2014 година донесе:

## О Д Л У К А
## за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Се верификува мандатот на членот на Советот на Општина Ѓорче Петров, Катерина Бишкоска Димитриовска од листата на кандидати за членови на Совет на Општина Ѓорче Петров поднесена од коалицијата ВМРО-ДПМНЕ.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1912/3**
**Од 13.06.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач**
**Бранко Трајчевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за избор на Претседател на Советот**
**на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/2**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 33 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 15 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/2013) и член 37 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница одржана на ден 13.06.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

За Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров, се избира Гоце Петрески.

**Член 2**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 07-1099/6 од 17.04.2013 година, објавена во („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/2013).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1912/4**
**од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Бранко Трајчевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за именување преставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“ – Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за именување преставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“ – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/3**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та Седница одржана на ден 13.06..2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Мирче Ацев“ - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на член 1 алинеја 2 од Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Осноното училиште „Мирче Ацев“-Скопје број 07-1594/13 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13), како што следи:

- за претставник во училишниот одбор на основното училиште „Мирче Ацев“-Скопје, наместо Александар Стојкоски, се именува Катерина Бишкоска Димитриоска .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1912/5**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на Одлуката за именување на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Одлуката за именување на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/4**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1, а во врска со член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002), член 42, 43 и 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/2013) и член 109 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та Седница одржана на ден 13.06.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров врши измена и дополнување на точка 1 алинеа 1 од Одлуката за избор на Претседател и членови на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации број 07-1172/10 од 26.04.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 6/13) како што следи:

Од Претседател на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров

- се разрешува Александар Стојкоски.

За Претседател на Комисијата за меѓународна соработка и соработка со невладини организации, здруженија и фондации на Советот на Општина Ѓорче Петров:

- се избира Катерина Бишкоска Димитриоска.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1912/6**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изработка на УП за с.Ново Село, Општина Ѓорче Петров за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од плански опфат**

Се објавува Одлуката за изработка на УП за с.Ново Село, Општина Ѓорче Петров за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од плански опфат што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/5**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 и 19 и 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12 , 72/13 и 44/14) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница, одржана на ден 13.06.2014 донесе

**О Д Л У К А**
**За изработка на Урбанистички План за село Ново Село,Општина Ѓорче Петров за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од плански опфат**

**Ч л е н 1**

Се утврдува потреба за изработка на Урбанистички План за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров, со кој ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени надвор од постојниот плански опфат, согласно Решението за Услови за планирање на просторот под бр.15-572/6 од 01.04.2014 година донесено од Министерот за животна средина и просторно планирање и Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр.05614 кои се составен дел на Решението.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој ќе се изработи урбанистичко планската документација од член 1 на оваа одлука е со следни граници на плански опфат:

- Од северна страна - границата оди кон исток комплетно превземена од соседен Урбанистички план за село Волково кој е во процедура, до пресечна точка со границата по ГУП;
- Од источна и југозападна страна - границата оди по границата дадена со ГУП на Град Скопје(2012-2022), се до пресечна точка со КП1786, оди по катастарска граница на истата до пресечна точка со граница од УПВНМ Клучка Стопански двор;
- Од западна страна - границата продолжува комплетно превземена од соседен УПВНМ Клучка Стопански двор до почетната точка;

**Ч л е н 3**

Делот од просторот во кој се изградени бесправните објекти, ќе бидат вклопени со идната урбанистичко планска документација, во границите дефинирани во член 2, почитувајќи ги во целост обврзувачките активности во планирањето на просторот, дефинирани во Условите за планирање на просторот.

**Ч л е н 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07 - 1912/7**
**Од 13.06.2014 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 08, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 08, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/6**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница одржана на 13.06.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план**
**за градска четврт СЗ 08**
**Општина Ѓорче Петров – Скопје**

**Член 1**

**Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 08 , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за плански период 2014-2019година.**

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022година донесен со Одлука на Советот на Град Скопје" бр. 07- 5068/1 од 03. 12 .2012год,(Службен Гласник на Град Скопје бр. 18/12 од 06. 12. 2012год ), Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови Службен весник на Р.М. број 78/06 и 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13 ,95/13, 167/13 и 37/14)

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 08 , Општина Ѓорче Петро-Скопје, која е со површина од 28,92ха.**

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- Северозапад - осовина на собирна улица „Лепенец";
- Североисток – осовина на градска магистрала – булевар „Илинден";
- Југоисток – осовина на градска магистрала – улица „Црногорска" и
- Југозапад – осовина на собирна улица „Лука Геров" (надвозник).

**Член 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 08 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Битола, со тех. бр. У04-07/13-2.

**Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 08 , Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следната СОДРЖИНА:**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед
1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

Графички дел:
1. Ажурирана геодетска подлога ........................................................ 1 : 1000
2. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................. 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура.......... 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од Просторен план на РМ

4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

Графички дел:
План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и
план на површини за градење, план на зеленило .................. 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план ......................................... 1 : 1000
3. Инфраструктурен план .................................................................... 1 : 1000
4. Синтезен план.................................................................................. 1 : 1000

**Член 4**

Утврдениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Градоначалникот и Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по утврдувањето на Нацрт планот и по влегување на одлуката во сила, ќе организираат Јавна анкета и стручна презентација согласно член 24 став 2 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14 ).

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 1912/8**
**Од 13.06.2014 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/7**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница одржана на 13.06.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план**
**за градска четврт СЗ 18**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

**Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 18 , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за плански период 2013-2018година.**

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022година донесен со Одлука на Советот на Град Скопје" бр. 07- 5068/1 од 03.12.2012год,(Службен Гласник на Град Скопје бр. 18/12 од 06.12.2012год), Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови Службен весник на Р.М. број 78/2006 и 37/2014) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14 ).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 18 , Општина Ѓорче Петро-Скопје, која е со површина од 12.57 ха**.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- Север - осовината на булевар Илинден-А.04-С.06;
- Исток - осовината на постојна сервисна улица Ацо Шопов- 2;
- Југоисток - осовината на постојна сервисна улица Ацо Шопов- 1;
- Запад - осовина на планирана собирна улица Ацо Шопов

**Предвидени намени со ГУП на Град Скопје од 2012год:**
На ниво на цела четврт е планирана основна класа на намена
**А - домување**
**В - јавни функции**

**Член 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт С3 18 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од Градежен институт „Македонија" А.Д-Скопје , со технички број 368-07-13.

**Деталниот урбанистички план за градска четврт С3 18 , Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следната СОДРЖИНА:**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ И**
**ПРИЛОЗИ**

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Географско геодетско одредување на подрачјето на опфатот, граници и површина;
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина;
3. Податоци за природни чинители;
4. Податоци за создадените вредности и чинители;
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура;
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини;
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура;
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби;
9. Анализа на степенот на реализација на важечки ДУП;
10. Анализа на можностите за просторен развој;
11. Извод од Генерален урбанистички план
12. Други прилози;

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Вид на план, назив на подрачјето и плански развој;
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;
3. Просторен концепт;
4. Планска програма;
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба;
6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија;
7. Мерки за заштита и спасување;
8. Нумерички дел;
9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат;
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат за секој помал опфат;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје ------------1:5000;
2. Извод од ДУП -----------1:1000;
3. Ажурирана геодетска подлога --------1:1000;
4. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби ---1:1000;
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура; -----------------1:1000;
6. Инвентаризација и снимање на изградена комунална супраструктура; ---------------1:1000;
7. Сателитска снимка ---------1:2500;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Регулационен План -----------1:1000;
2. План на површини за градење -----------1:1000;
3. Сообраќаен и Нивелациски План -----------1:1000;
4. Инфраструктурен План -----------1:1000;
5. Синтензен План -----------1:1000;

**ПРИЛОЗИ**

1. Планска Програма;
2. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје;
3. Геогетски елаборат;

**Член 4**

Утврдениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Градоначалникот и Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по утврдувањето на Нацрт планот и по влегување на одлуката во сила, ќе организираат Јавна анкета и стручна презентација согласно член 24 став 2 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13163/13 и 42/14).

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 1912/9**
**Од 13.06.2014 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Полициска Станица и Противпожарна единица во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Полициска Станица и Противпожарна единица во Општина Ѓорче Петров што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/8**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија,“ број  05/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница, одржана на ден 13.06..2014 година,  донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување**
**на градежно земјиште за изградба на полициска станица и противпожарна единица**
**во Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на објект полициска станица и противпожарна единица во Општина Ѓорче Петров, на КП 6201/5, ГП 3.51, Детален Урбанистички План СЗ 15 за Реонски Центар, Општина Ѓорче Петров.

Ослободувањето од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се однесува за делот во висина од 40% наменет за Општина Ѓорче Петров - Скопје.

**Ч л е н 2**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

**Ч л е н 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 07 - 1912/10**
**Од 13.06.2014 год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на Буџет на Општина Ѓорче Петров за I квартал од 2014 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за извршување на Буџет на Општина Ѓорче Петров за I квартал од 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/9**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница одржана на ден 13.06.2014 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за I квартал од 2014 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за I квартал 2014 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1912/11**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година за покривање на погребални трошоци**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година за покривање на погребални трошоци, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/10**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та седница одржана на ден 13.06.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година за покривање на погребални трошоци**

**Член 1**

Се одобруваат средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година – Програм А0 Совет, позиција 426990-Други оперативни расходи, како помош за покривање на сите погребални трошоци на семејството за настраданот жител од Ѓорче Петров, Ангел Петковски.

**Член 2**

Средствата ќе се исплаќаат сукцесивно, по добивање на фактури и сметкопотврди со фискални сметки од давателите на услугите.

**Член 3**

Одлуката ќе се применува од 20.05.2014 година, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1912/12**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесет и првата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 13.06.2014 година.

**Број 08-1965/11**
**Од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27 став 1 и 29 од Законот за семејство („Службен Весник на Р.М.број 80/92, 9/96, 19/2000, 79/01, 38/04, 60/05, 33/06, 84/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 21-та Седница одржана на ден 13.06.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на член 1 став 2 точка 2 и 4 од Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров број 07-1172/11 од 26.04.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 6/13), како што следи:

- за член во матична служба на месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров, наместо Живко Брњарчевски и Божо Веселиновски, се избираат Виктор Перовски и Дијана Јовановиќ;

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1912/13**
**од 13.06.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**